Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 303//0306
15.07 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седница одржана на 19.06.2025 година, врз основа на примена жалба од **Данела Арсовска, градоначалничка на Град Скопје,** ја донесе следнава одлука:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Текстот со наслов **„Данела, ДУИ и Левица си делат тендери“ – Вреди објави информации за наводна криминална шема“**, објавен од онлајн медиумот Плусинфо.мк (plusinfo.mk) на 02.06.2025 г. отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката до СЕММ на 04.06.2025 г., упати жалба за текстот „Данела, ДУИ и Левица си делат тендери“ – Вреди објави информации за наводна криминална шема“, објавен од онлајн медиумот Плусинфо.мк (plusinfo.mk) на 02.06.2025 г., при што се жали на „неточно и нефер известување, на мешање на факти и мислења, вест со коментар, незастапена втора страна, нарушување на приватноста и на пристрасност и неурамнотеженост во информирањето“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека текстот „е пренесување на содржина од политичка партија кој содржи неточни и манипулативни тврдења за факти и обвинувања на сметка на Градоначалникот на Град Скопје. Пред објава на содржината од Градоначалникот не беше побарано изјава да се произнесе, ниту порталот направил напор да ги провери обвинувањата, а градоначалникот преку неговиот полномошник поднесе демант“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителката.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот „Данела, ДУИ и Левица си делат тендери“ – Вреди објави информации за наводна криминална шема“, објавен од онлајн медиумот Плусинфо.мк (plusinfo.mk) на 02.06.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што е прекршен член 3 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека медиумот известува за став на политичка коалиција, со обвинување за местење тендери од страна на функционер од ДУИ, градоначалничката на Град Скопје Данела Арсовска и политичката партија Левица.

Комисијата утврди дека станува збор за пример на пренесување на партиско соопштение, без новинарска доработка, дополнителен коментар или редакциско дистанцирање.

Меѓутоа, со самата одлука на медиумот да објави сериозни обвинувања на сметка на повеќе политички субјети, меѓу кои и градоначалничката – независно дали се работи за оригинална редакциска продукција или се пренесува туѓо соопштение – се подразбира и обврската да се овозможи право на одговор.

Ова темелно етичко начело не може да се анулира со замор од партиски соопштенија, ниту со проценката дека демантот нема „вредност“ или аргументација.

Поради тоа, Комисијата на крајот од расправата заклучи дека е прекршен член 3 од Кодексот на новинарите на Македонија:

**Член 3**

Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595